Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

02-547/1
06-02-2025

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија (АХВ) претставува институција надлежна за вршење на работи од областа на безбедноста на храната и храната за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивната благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контролата на националните референтни лаборатории кои даваат соодветна поддршка за потребите на Агенцијата.

**Политиката за квалитет на АХВ се заснова на следните цели:**

- Заштита на здравјето на граѓаните преку континуирано следење и имплементација на сите новини во врска со исхраната, безбедноста на храната и ветеринарното здравство и прилагодување на националното законодавство во овој дел со европското;
- Ефективно, ефикасно, квалитетно и навремено задоволување на барањата на корисниците на услуги (граѓаните и правните лица) и други заинтересирани страни како и остварување на Програмата на Владата на Република Северна Македонија;
- Овозможување на фер конкурентност и слободна трговија на домашниот и меѓународниот пазар со улога на Агенцијата како сервис на бизнис заедницата и индивидуалните земјоделски производители, заштита на потрошувачите и заштита на интересите на операторите во меѓународниот пазар;
- Дигитализација на услугите во АХВ што го означува почетокот на новата ера во унапредувањето на работењето на институцијата;
- Посветеност на вредностите на вработените со поттикнување на позитивно влијание и одржување на работната средина, со континуиран преглед и подобрување на ефикасноста на Системот за менаџмент со квалитет и високо стручно, тимско и посвететно извршување на работните задачи, почитување на Етичкиот кодекс на јавната администрација и Кодексот на вработените во АХВ, со посебен осврт на професионален интегритет, ефикасност, ефективност, отчетност на јавната администрација и посветеност при вршењето на службените должности.

Сите вработени прифаќаат на своите работни места да ги извршуваат задачите во согласност со утврдената Политика за квалитет и во насока на континуирано унапредување на квалитетот.

06.02.2025
Скопје

в.д. Директор
д-р Оливер Миланов

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut Агенција за храна и ветеринарство Agjencia e ushqimit dhe veterinarisë Скопје-Shkup

ОБ 7.5.3-07в03